Врз основа на член 24 став 1), точка 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации („Сл.весник на РМ“ бр. 39/14, 188/14 ,44/15 и 193/15), на барање на корисникот, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 18.04.2017 година го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

I

**СЕ ОТПОВИКУВААТ** одобренијата за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентни броеви: 105663, 110285, 109789, 107592, 107665, 108781, 108917, 108693, 107461, 109331 и 109318 издадени од Агенцијата за електронски комуникации на Друштво за комуникациски услуги ОНЕ.ВИП Оператор ДОО Скопје со адреса на ул.Филип Втори Македонски бр.3 ДЦ/Соравија -8-ми кат Скопје на негово барање.

II

Одобренијата за користење на радиофреквенции од точка I на ова Решение престануваат да важат заклучно со 18.04.2017 година.

III

Ова решение е конечно

### Образложение

Агенцијата за електронски комуникации издаде одобренија за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентни броеви 105663, 110285, 108798, 109789, 109914, 107592, 107518, 107665, 108781, 108917, 108693, 107461, 109331, 109315 и 109318 на ОНЕ.ВИП Оператор ДОО Скопје со адреса на ул.Филип Втори Македонски бр.3 ДЦ/Соравија -8-ми кат.

На 18.04.2017 година ОНЕ.ВИП Оператор ДОО Скопје , достави до Агенцијата за електронски комуникации барање за отповикување на горенаведените одобренија со број уп1-бр.0802-653.

Одобренијата со следните броеви:108798, 109914, 107518 и 109315 се предходно отповикани со решение уп1-бр.0802-581.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14,44/15 и 193/15), се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: уп1-бр.0802-653
Скопје,20.04.2017

Изготвил,
Александар Панчевски
18.04.2017

Раководител на Одделение за фиксна и мобилна служба:
Радка Шекутковска

Раководител на Сектор за радиокомуникации
Јане Јакимовски

**По овластување на Директорот,**
**Игор Бојаџиев**

**Доставено до:**
- странка
- архива
- Сектор за радиокомуникации
- Сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенциите
- Сектор за финансии и сметководство